**Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права**
**Мисија за набљудување на изборите**
**поранешна југословенска Република Македонија**
**Претседателски и локални избори 2009 година**

# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ БР. 2*
**26 февруари–10 март 2009 година**

## I. РЕЗИМЕ

- Официјалната кампања за претседателските и локалните избори започна на 2 март со енергична и многу видлива политичка активност насекаде низ земјата. Партиите и кандидатите одржуваат бројни собири а очигледно е пристуството на билбордите и постерите. Во голем дел од кампањата доминираат локалните теми.

- Кандидатите за претседател и партиските лидери повикуваат на фер и демократски избори и јавно ги поттикнуваат своите приврзаници да избегнуваат инциденти слични на оние кои фрлија дамка на предвремените парламентарни избори во 2008 година. Најголемиот дел од реториката на кампањата беше учтива и одмерена. Триесет и шест политички партии го потпишаа кодексот на однесување за овие избори. Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР (МНИ) има добиено известувања за неколку помали инциденти поврзани со изборите.

- МНИ на ОБСЕ/ОДИХР продолжува да прима бројни нашироко распространети обвинувања за притисок или застрашување на граѓаните, особено кај вработените во јавниот сектор. МНИ ги разгледа овие тврдења и откри дека некои од нив се веродостојни.

- Подготовките за изборите се чини дека, општо земено, се на прав пат, и покрај фактот што Државната изборна комисија (ДИК) е попречена од недостигот на квалификуван стручен кадар. Обуката на Општинските изборни комисии (ОИКи) не беше завршена навремено а обуките на Избирачките одбори (ИОи) се во тек. Печатењето на гласачките ливчиња е во тек, но со доцнење. Кампањата на ДИК за едукација на избирачите сеуште не е започната, но се очекува да започне во деновите што претстојат.

- Медиумите обезбедуваат опширна покриеност на кампањата и кандидатите на изборите во вестите и останатите програми. Два приватни радиодифузери емитуваа дебати помеѓу седумте кандидати за претседател. Државната телевизија обезбедува бесплатно време за емитување за кандидатите за претседател и градоначалници. Досега, неколку партии опсежно го имаат искористено платено политичко претставување.

- Управниот суд има решавано по 12 тужби кои се поврзани со утврдување на листите на каднидати. Првостепениот суд сеуште нема постапувано по неколку тужби поднесени од ДИК и Советот за радиодифузија пред официјалниот почеток на кампањата.

- Судовите донесоа неколку нови пресуди против лица кои беа обвинети за прекршоци поврзани со изборите во 2008 година, Некои од соговорниците тврдеа дека при

---
* Единствена официјална верзија на овој документ е англиската верзија.

решавањето на овие случаи имало политички мотивирана пристрасност; ваквото тврдење владата целосно го отфрла.

- Меѓу 374 кандидати за градоначалници има само 14 жени. Има околу 33 кандидати за градоначалник од помалите етнички заедници; најголемиот дел од нив припаѓаат на политички партии засновани на етничка основа. Законските барања за застапеност на етничките заедници и за родова застапеност во изборната администрација се чини дека се исполнети.

- Од страна на Министерството за внатрешни работи беше елабориран план за полициско обезбедување насекаде низ земјата за да се одржи јавниот ред на денот на изборите.

## II. НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО КАМПАЊАТА

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа бројни случаи на спроведување кампања пред официјалниот почеток на кампањата на 2 март, вклучително и претставување на некои од слоганите на кандидатите за претседател, одржување на партиски конвенции за кои опширно се ивестуваше и истакнување на некои постери. Меѓутоа, соговорниците, општо земено сметаа дека ова прашање не треба да загрижува или пак да биде основ за приговори. ДИК и СР размислуваа за превземање дејствија во врска со партиските конвенции и со покриеноста на истите од страна на медиумите, но одлучија да не го сторат тоа, делумно затоа што не примија никакви приговори. Законските одредби се нејасни во врска со тоа кои партиски активности и активности на кандидатите се дозволени пред официјалниот почеток на кампањата.

Од почетокот на официјалниот 19-дневен период на кампања на 2 март, политичките партии и кандидатите за претседател започнаа енергична програма на собири. Во текот на период за кој се известува, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа околу 50 собири на кои партиските лидери, кандидатите за претседател и за градоначалници, како и кандидатите за членови на општинските совети често се појавуваа заедно. И покрај високото ниво на активност од страна на кандидатите за претседател, се чини дека има поголем интерес за локалните отколку за националните прашања. Најголемиот дел од соговорниците на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР тврдат дека овие избори не предизвикаа голем интерес кај избирачите; неколкумина изјавија дека можеби ќе биде тешко да се постигне излезност од 40% во вториот круг од претседателските избори.

Кампањата е со голема видливост насекаде низ земјата и вклучува опсежно користење на комерцијални билборди и постери, кои понекогаш се поставени на места кои не се наменети за огласување. Спротивно на Членот 79.1 од Изборниот законик активисти на некои партии имаат отстранувано постери од нивните конкуренти, но до денешен ден ова не доведе до насилни инциденти. Некои кандидати и партии ја информираа МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека тие нема да користат билборди и постери и дека ќе се потпираат само на кампања лице-в-лице, припишувајќи го таквиот избор делумно на ограничени финансиски средства. Најголемиот дел од партиите и кандидатите се чини дека главно спроведуваат кампања меѓу своите етнички заедници или, во многу случаи, само кај своите етнички заедници.

Најголемиот дел од партиските лидери и кандидати за претседател ја информираа МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека тие не очекуваат повторување на насилните инциденти кои негативно влијаеа на предвремените парламентарни избори во 2008 година. Лидерите дадоа изјави, за кои опширно се известуваше, повикувајќи на мирни и демократски избори.

Најголемиот дел од учесниците на претседателските и локалните избори направија препознатлив напор за употреба на учтива и одмерена реторика во кампањата, иако МНИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа употреба на одреден националистички или етнички раздорен јазик. Триесет и шест политички партии потпишаа „Кодекс на однесување за слободни и фер претседателски и локални избори по иницијатива на Националниот демократски институт, Меѓународна невладина организација со седиште во Вашингтон, кој беше објавен од страна на медиумите и е пропратен со интензивна кампања за фер и демократски избори. Освен тоа, кандидатите на изборите во неколку општини договорија свои кодекси на однесување. И додека соговорниците на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР насекаде низ земјата продолжуваат да ја изразуваат својата заложба за одржување на демократски избори, добриот изборен процес честопати се чини дека е воедначен со отсуство на насилство, без да се посвети содветно внимание на останатите елементи неопходни за демократски изборен процес.

Најскорешната од низата средби на лидерите на четирите главни политички партии, поврзани со изборите се одржа на 1 март. Лидерите на партиите ги задолжија координаторите на своите парламентарни групи да обезбедат соработка меѓу партиите за да се обезбедат демократски избори; меѓутоа, координаторите сеуште не се сретнале.. Се чини дека од средбата од 1 март не произлегоа некои нови договори: на претходните средби лидерите на партиите се согласија дака употребата на камерите и телефоните со камери во избирачките места не треба да биде дозволена со цел да се обезбеди тајност на гласањето и заштита од застрашување и купување гласови. Лидерот на Демократската партија на Албанците (ДПА) ја напушти средбата на лидерите на партиите на 1 март во знак на протест против, според неговото тврдење, пристрасното спроведување на законот насочено кон некои активисти на ДПА обвинети за вклученост во инцидентите во текот на предвремените парламентарните избори во 2008 година.

Во еден друг значителен напор да се промовира учтива кампања двајца кандидати за претседател превземаа иницијативи да ги доведат на заедничка средба своите противниците.

Сепак, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа одредени тензии, на пример во Гостивар, Дебар и скопската општина Шуто Оризари, каде кандидатите разменуваа обвинувања. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР беше известена за неколку инциденти поврзани со изборите кои се случиле во текот на овој период за кој се известува, вклучително и судир помеѓу активисти на независниот кандидат за претседател Љубе Бошкоски и на владеачката ВМРО-ДПМНЕ, помали штети нанесени на два штаба на Демократската унија за интеграција (ДУИ) во околината на Гостивар, наводни закани кон партиски активисти на Нова демократија во Гостивар и пријавена расправија помеѓу членови на две политички партии на Ромите.

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР продолжува да добива бројни, загрижувачки тврдења за притисок или застрашување на граѓаните во врска со изборите. Најбројни меѓу нив се тврдењата за притисок врз вработените во јавниот сектор за поддршка на владеачките партии, особено врз оние кои се вработени со договор на дело,. Покрај останатите тврдења,,како што се известува, од овие лица се бара да обезбедат листи на имиња и контакт информации од други граѓани кои се обврзуваат да ги поддржат кандидатите на главната владеачка партија. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР ги разгледа овие тврдења и откри дека некои од нив се веродостојни. Неколку соговорници изјавија дека континуираната политизација на јавниот сектор, кој вработува повеќе од 100.000 лица, и промените на кадарот во зависност од политичката припадност, го прават јавниот сектор, на национално и локално ниво, особено подложен на притисок. Други известувања наведуваат дека носителите на приватна дејност се плашат од даночни инспекции доколку ги поддржат партиите од

опозицијата. Некои членови на ИО, како што се дознава, заради страв од насилство и застрашување се плашат да работат, додека други граѓани наводно, од страв од одмазда, се плашат да сведочат во судските спорови врзани за изборите.

Пред распишувањето на изборите Владата отпочна скапа кампања од висок профил за поддршка на своите политики и програми. Иако во согласност со Член 84-а од Изборниот законик овие активности беа прекинати кога беа распишани изборите, партиите од опозицијата и претставници од медиумите изјавија дека кампањите биле толку широко распространети и продорни што имаат прдолжувачки ефект на кампањата и направиле голем дел од медиумите да бидат зависни од приходите од реклами на владата.

Од денот на распишување на изборите, Државната комисија за спречување на корупцијата активно ги потсетуваше државните и локалните тела да се воздржат од нови инвестиции или договори, нови вработувања на кадар, или употреба на јавните фондови и вонредни плаќања во текот на изборниот период, онака како што е пропишано со Законот за спречување корупција. Комисијата доби информација за два случаи на наводно купување гласови кои ги проследи до Јавниот обвинител.

За да се осигура соодветната улога на полицијата во одржувањето на јавниот ред на денот на изборите, до Министерството за внатрешни работи беа поднесени регионални безбедносни планови и тие беа вклучени во главниот план за обезбедување и безбедност на изборите од страна на полицијата. Целта на планот е примена на превентивни мерки, со значително полициско присуство во областите каде во минатото се забележани проблеми во текот на изборите. Сите полициски сили – вклучувајќи ги и полицајците во цивилна облека – и полициските возила на денот на изборите треба јасно да бидат обележани. Алфа единицата, посебна полициска единица специјализирана за борба против организираниот криминал, но која минатата година зема активно учество во нерегуларностите во областите со претежно етнички албанско население, се ограничени на територијата на Скопје, а еден тим е пратен во Куманово, наводно за да одговори на криминални дејствија. Планот, исто така, го покрива и придружувањето и обезбедувањето на гласачките ливчиња, обезбедувањето на гласачките места, канцелариите на ОИКи и канцеларијата на ДИК. Планот е поддржан со програма за обука на полицијата во врска со нејзината улога во текот на изборите.

Гонењето на и судските спорови против лица обвинети за нарушувања на изборите од 2008 година продолжуваат. Беа донесени неколку нови пресуди, вклучително и седум казни затвор, со што вкупниот број на поединци осудени за сторени прекршоци врзани за изборите од 2008 година е околу 25. Некои соговорници – вклучувајќи ги и лидерите на две партии од опозицијата – ја информираа МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека тие веруваат дека случаите се водат различно зависно од политичката припадност на обвинетите. Владата целосно го отфрли ова тврдење. Соговорниците, исто така, истакнаа дека една од главните пречки за постапувањето по некои од случаите е тоа што некои сведоци се плашат да сведочат или да ги потврдат своите претходни сведочења.

Регулативите за финансирање на кампањата беа подобрени со последните амандмани на Изборниот законик, но сеуште им недостасуваат механизми за ефикасно спроведување и ревизија. Понатаму, дел од донациите за изборните кампањи (обезбедување добра или услуги по цени под пазарните) се изземени од ограничувањата пропишани со Законикот, а што ефективно ги негира ограничувањата на донациите за кампања.

Вознемирувачки висок број на кандидати и лидери на политички партии имаат изјавено за МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека на денот на изборите очекуваат да видат напори предизвикување изборна измама.

## III. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Општо земено, подготовките за претседателските и локалните избори на 22 март 2009 година се чини дека течат согласно распоредот и покрај фактот што Државната изборна комисија (ДИК) и понатаму е попречена во својата работа од недостигот на доволен квалификуван помошен кадар. Со само неколку исклучоци, кандидатите и лидерите на политичките партии продолжија да изјавуваат доверба во чесноста и непристрасноста на ДИК и пониските нивоа на изборната администрација. ДИК продолжува да работи на транспарентен начин и во духот на консензусот.

ДИК донесе Прирачник за едукација на изборните органи. Иако тоа е многу потребен документ, тој не е толку корисен колку што би можел да биде како практично упатство за употреба, бидејќи во многу делови тој само повторува информации од законот наместо да ги елаборира наведените изборни процедури. Прирачникот понекогаш е недоследен, или пак се коси со некои претходни упатства на ДИК, на пример во врска со гласањето на немоќни или болни лица, и има празнини во објаснувањето што треба ИОи да направат доколку се јават одредени околности. Задолжителната обука на ИОи е во тек; обуката на ОИКи заврши, но со доцнење.

Печатењето на гласачките ливчиња е во тек, иако со мало задоцнување; печатењето на гласачките ливчиња за претседателските избори и дел од гласачките ливчиња за локалните избори е веќе завршено. Иако ДИК, во текот на периодот за кој се известува се уште ги немаше утврдено гласачките ливчиња за изборите во голем дел од општините ДИК верува дека целиот изборен материјал навремено ќе биде готов и доставен до ОИКи и ИОи.

Изводите од избирачкиот список кои ќе бидат употребувани од страна на ИОи на денот на изборите беа потпишани од ДИК на 7 март. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР и понатаму добива изјави за загриженост дека големиот број на граѓани кои се надвор од земјата а се уште се на избирачкиот список може да доведе до обиди за манипулација на денот на изборите. Иако биле направени напори овие гласачи да се идентификуваат и сега до имињата на глсачите кои имаат пријавено живеалиште надвор од државата стои ѕвездичка, се чини дека тоа е само дел од лицата кои живеат надвор од државата. Загриженоста за избирачкиот список е сложено прашање бидејќи не постои јасна проценка за тоа колку граѓани во моментот се надвор од земјата.

Иако согласно законот ДИК е одговорна за едукација на избирачите, до 10 март кампањата се уште не беше започната. ДИК ја информираше МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека е потпишан договор со маркетинг агенција и дека медиумската кампања ќе започне кон средината на март. На денот на изборите упатствата за гласање ќе бидат истакнати во и околу гласачките места.

По измените кои се однесуваат на составот на ИОи според кои само три од петте члена се избираат по пат на случаен избор од вработените во администрацијата, многу малку членови на ИО ќе работат надвор од нивните места на живеење. ДИК ја информираше МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека само околу 100 лица се засегнати, најголем дел од кои се со место на живеење само неколку километри оддалечено од гласачките места каде ќе работат и заради тоа овие членови на ИО ќе може да гласаат.

На препорака од големите политички партии ДИК донесе упатство со кое забранува употреба на камери или мобилни телефони за фотографирање во гласачките места. Меѓутоа, членовите на изборните органи се скептични дека ограничувањето на употребата на телефоните може да се примени во пракса.

## IV. МЕДИУМИ

Упатствата на Советот за радиодифузија (СР) за периодот пред официјалниот почеток на кампањата пропишуваат дека радиодифузерите треба да прикажуваат активности поврзани за изборите само во рамките на нивните информативни програми и дека не треба да емитуваат друг вид на материјал поврзан со изборите, на пример, интервјуа со кандидатите. Електронските медиуми, општо земено, ги почитуваа овие упатства, особено откако СР иницираше предупредувања и тужби против некои радиодифузери.

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР го анализираше медиумското покривање во двонеделниот период пред официјалниот почеток на кампањата (16 февруари – 1 март). Иако не постои законска обврска за еднаква медиумска покриеност за овој период сите следени радиодифузери на владата и отстапија најмногу време во вестите (барем една третина од времето посветено на политичките субјекти). Активностите на владеачката ВМРО-ДПМНЕ и опозицискиот Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ) добија значително повеќе покриеност отколку останатите политички партии во вестите на јавниот сервис МТВ1 и приватните радиодифузери ТВ Сител, ТВ Алфа и Канал 5. Информативните програми на ТВ А1 и ТВ Алсат-М обезбедија речиси еднаква покриеност на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА. Јавниот сервис МТВ2 - кој емитува главно на албански јазик – се фокусираше на ДУИ (18%) и ДПА (10%), додека покриеноста на владата во вестите на овој радиодифузер беше 44 проценти. Јавниот сервис ги отсликуваше владеачките партии главно во позитивно светло, додека СДСМ беше отсликана главно негативно.

Од официјалниот почеток на кампањата на 2 март, националните радиодифузери обезбедија широка покриеност на кампањата. Сите седум кандидати за претседател се застапени во медиумите; меѓутоа, досега радио-телевизиските вести имаат тенденција да им доделуваат повеќе време на кандидатите кои се сметаат за предводници, и покрај барањата за еднаква покриеност. Надвор од вестите, медиумите даваат информации за изборите и за кампањата во широк спектар на програми. МТВ1 обезбедува бесплатно презентирање на кандидатите за претседател, а има и дадено три мунити бесплатно време за емитување на секој од кандидатите за градоначелник кој ќе изјави желба да ја искористи таа можност. Националните радиодифузери емитуваат специјални програми за изборите, како на пример, портрети на кандидатите за претседател. Како позитивен развој, два приватни радиодифузера емитуваа дебати помеѓу седумте кандидати за претседател., Меѓутоа, кандидатот на владејачката партија наводно има кажано дека можеби нема да учествува во идни дебати.

Сè на сè, националните ТВ канали имаат тенденција да се фокусираат на претседателските избори, повеќе одошто на локалните. Сепак, националните радиодифузери Алсат-М и МТВ2 организираа програми кои ги претставуваат кандидатите за градоначалници кои се кандидираат во општини со претежно етнички албанско население, а националната ТВ Телма емитуваше дебата помеѓу кандидатите за градоначалник на Скопје. Локалните медиуми имаа ограничена покриеност на кампањата во првата недела: некои локални медиуми рекоа дека покрај информативните програми поврзани за изборите планираат да емитуваат и програми за изборите, вклучително и дебати помеѓу кандидатите за градоначалници.

Неколку партии досега опсежно го имаат искористено платеното политичко претставување во медиумите. ВМРО-ДПМНЕ јасно доминира во платеното политичко претставување кое се емитува на ТВ А1, Канал 5 и Сител. СДСМ своe платено политичко претставување има главно на Алфа ТВ, додека ДУИ доминира со платено политичко претставување на ТВ Алсат-М.

## V. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

Управниот суд донесе, во рамките на законскиот рок, 12 одлуки по тужби поврзани со утврдување на листите на кандидати. Судот потврди четири тужби и одби шест, додека две се повлечени од страна на подносителите. Пет од шест тужби се одбиени по процедурален основ, што може да посочи дека дел од кандидатите целосно не ги познаваат сите процедурални барања. Судиите од Управниот суд учествуваа на неколку обуки организирани со цел да се олесни преносот на искуство во разрешување на спорови поврзани со изборите од Врховниот суд до Управниот суд.

Судските рочишта пред основниот суд Скопје 1 за случаи иницирани од страна на Советот за Радиодифузија против неколку радиодифузери за непочитување на Членот 74.1 од Изборниот законик (во врска со радиодифузни прекршоци пред официјалниот почеток на кампањата) во најголема дел беа презакажани за средината на март или воопшто не се закажани заради доцнењето при прибирање документација. Понатаму, првостепениот суд се уште нема постапено по две тужби иницирани од страна на ДИК а кои се однесуваат на спроведување кампања пред нејзиниот официјален почеток. Таквите оддолжувања кај судските постапки по случаи поврзани со изборите а кои бараат итност во решавањето, го поткопува спроведувањето на изборните правила и правото на учесниците во изборите на ефикасен правен лек.

ДИК донесе упатство во врска со решавање по поднесените приговори.

## VI. УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Од 374 кандидати за градоначалник само 14 се жени (3.7 проценти); тие се кандидираат во 11 општини. Само четири од партиите кои се претставени во Собранието, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, Либералната партија и Либерално-демократската партија одбраа да предложат жени за кандидати за градоначалник . Меѓутоа, Партија на обединети демократи на Македонија (ПОДЕМ) има пет жени кандидати за градоначалник. Законската одредба за застапеност на секој од родовите во ОИКи со најмалку 30% е исполнета, и во врска со ова не се поднесени никакви формални приговори. Согласно податоците на ДИК, 57 ОИКи (67 проценти) имаат повеќе од три жени меѓу десетте члена и заменици членови: 30 ОИКи (35 проценти) се раководени од жени.

УНДП ќе спроведе обуки за ИОи во околу 24 општини насочени кон спречување на семејно гласање и гласање за друг. Неколку локални НВОи, исто така, организираат едукација на избирачите за да обесхрабрат семејно гласање во различни делови од земјата, вклучително и Прилеп, Тетово и Свети Николе.

Долгорочните набљудувачи на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР имаат известено за слабо учество на жените во настани поврзани со кампањи, особено во западните делови од земјата. На многу од настаните поврзани со кампањи мажите доминираат. Општо земено, се чини дека жените во политичките партии не се на многу позиции како донесувачи на одлуки и политичките партии се чини не прават посебни напори да ги привлечат избирачите жени.

Законските барања за “соодветна и рамноправна’ застапеност на етничките заедници во ОИКи се исполнети. Во сите 32 општини каде локалното население кое не е мнозинско е застапено со 20 % и повеќе, претседателот или заменик претседателот се припадници на таа етничка заедница. Околу 33 кандидати за градоначалници се припадници на помалите етнички заедници. Тие главно припаѓаат на партии кои ги претставуваат нивните етнички заедници; пет од овие кандидати се на листите на една од партиите на мнозинската заедница. Понатаму, има шест независни кандидати за градоначалник од помалите етнички заедници. Постојат сигнали за затегната атмосфера во некои од општините каде различни партии кои претставуваат иста етничка заедница имаат свои кандидати. Лидерите и кандидатите за градоначалник на двете спротивставени коалиции на партиите на Ромите дадоа заедничка изјава во која се заложија за фер однесување во текот на изборниот период.

## VII. АКТИВНОСТИ НА МНИ НА ОБСЕ/ОДИХР

Во текот на периодот на известување, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР продолжи со своите редовни активности. Шефот на мисијата и останатите членови на главниот тим се сретнаа со Претседателот, Министрите од Владата, државни службеници, седумте кандидати за претседател и неколку кандидати за градоначалници, со претставници на партии и кандидати, изборната администрација, судски службеници, претставници на медиумите и граѓанското општество и со дипломатски мисии. ДНи распоредени насекаде низ земјата продолжуваат да ги набљудуваат подготовките за изборите и кампањата во регионот и се подготвуваат за распоредувањето на краткорочните набљудувачи. На 26 февруари се одржа брифинг на членовите на дипломатската заедница и меѓународните организации акредитирани во поранешната Југословенска Република Македонија. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дополнително ќе биде зајакната со 250 краткорочни набљудувачи за набљудување на денот на изборите.